| | **Е0** | **Општинска администрација** | **172.718.052** | **-1.997.000** | **170.721.052** |
| **24** | **401** | **Основни плати** | **66.866.500** | **0** | 66.866.500 |
| | 401130 | Основни плати - други вработени | 4.000.000 | -150.000 | 3.850.000 |
| | 401320 | персонален данок | 346.500 | 150.000 | 496.500 |
| **26** | **404** | **Надоместоци** | **4.518.500** | **0** | **4.518.500** |
| | 404110 | Надомест за годишен одмор | 3.118.500 | -130.000 | 2.988.500 |
| | 404150 | Други надоместоци | 1.400.000 | 130.000 | 1.530.000 |
| **28** | **421** | **Комуналии** | **12.677.252** | **0** | **12.677.252** |
| | 421110 | Електрична енергија | 783.052 | 100.000 | 883.052 |
| | 421130 | Ѓубретарина | 500.000 | -100.000 | 400.000 |
| **29** | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **2.361.000** | **-170.000** | **2.191.000** |
| | 423710 | Средства за одржување на хигиена | 400.000 | -170.000 | 230.000 |
| **30** | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **2.090.000** | **-560.000** | **1.530.000** |
| | 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 930.000 | -560.000 | 370.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 31 | **425** | **Договорни услуги** | **11.124.800** | **280.000** | **11.404.800** |
| | 425310 | Правни услуги | 1.050.800 | 300.000 | 1.350.800 |
| | 425360 | Плаќање на судски такси | 320.000 | -20.000 | 300.000 |
| 33 | **427** | **Привремени вработувања** | **15.000.000** | **1.200.000** | **16.200.000** |
| | 427110 | Привремени вработувања | 15.000.000 | 1.200.000 | 16.200.000 |
| 34 | **452** | **Каматни плаќања** | **4.500.000** | **-2.747.000** | **1.753.000** |
| | 452410 | Камата на кредити | 4.500.000 | -2.747.000 | 1.753.000 |
| | **ЕА** | **Капитални трошоци на општината** | **1.600.000** | **100.000** | **1.700.000** |
| 39 | **480** | **Купување на опрема и машини** | **1.600.000** | **100.000** | **1.700.000** |
| | 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 1.600.000 | 100.000 | 1.700.000 |
| | **Ф** | **Севкупно Ф (Ф1+Ф2+ФА)-Основен буџет** | **319.799.990** | **3.846.433** | **323.646.423** |
| | **Ф1** | **Урбанистичко планирање** | **6.800.000** | **-1.200.000** | **5.600.000** |
| 30 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **2.000.000** | **-500.000** | **1.500.000** |
| | 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 2.000.000 | -500.000 | 1.500.000 |
| 44 | **425** | **Договорни услуги** | **4.800.000** | **-700.000** | **4.100.000** |
| | 425930 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) | 700.000 | -550.000 | 150.000 |
| | 425970 | консултантски услуги | 400.000 | -150.000 | 250.000 |
| | **ФА** | **Градежно земјиште** | **312.149.990** | **5.046.433** | **317.196.423** |
| | **ФА0** | **Градежно земјиште** | **252.002.672** | **6.151.000** | **258.153.672** |
| 48 | **482** | **Други градежни објекти** | **227.002.672** | **6.151.000** | **233.153.672** |
| | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 44.500.000 | 7.000.000 | 51.500.000 |
| | 482310 | Подготвување на проекти вклучувајќи и дизајн на пречестителни станици и колектори | 5.000.000 | -2.500.000 | 2.500.000 |
| | 482920 | Изградба на други објекти | 16.000.000 | 500.000 | 16.500.000 |
| | 482930 | Реконструкција на други објекти | 18.400.000 | 1.151.000 | 19.551.000 |
| | **ФАЕ** | **Уредување на градежно земјиште (комплекс EAST GATE)** | **22.147.318** | **-1.104.567** | **21.042.751** |
| 52 | **482** | **Други градежни објекти** | **22.147.318** | **-1.104.567** | **21.042.751** |
| | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 22.147.318 | -1.104.567 | 21.042.751 |
| | **Г** | **Поддршка на локалниот економски развој** | **4.720.000** | **-2.100.000** | **2.620.000** |
| | **Г1** | **Поддршка на локалниот економски развој** | **4.720.000** | **-2.100.000** | **2.620.000** |
| 56 | **464** | **Разни трансфери** | **4.520.000** | **-2.100.000** | **2.420.000** |
| | 464990 | Други трансфери | 4.520.000 | -2.100.000 | 2.420.000 |
| | **Ј** | **Севкупно Ј (Ј1+Ј2+Ј3+Ј4+Ј6+Ј7+Ј8+ЈА+ЈD+ЈI+ЈN)** | **196.481.900** | **6.972.910** | **203.454.810** |
| | **Ј3** | **Јавно осветлување** | **38.000.000** | **5.000.000** | **43.000.000** |
| 60 | **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **36.000.000** | **4.500.000** | **40.500.000** |
| | 421110 | Електрична енергија | 36.000.000 | 4.500.000 | 40.500.000 |
| 61 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **2.000.000** | **500.000** | **2.500.000** |
| | 424390 | Одржување на други градби | 2.000.000 | 500.000 | 2.500.000 |
| | **Ј4** | **Јавна чистота** | **54.900.000** | **2.335.204** | **57.235.204** |
| 63 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **7.800.000** | **-300.000** | **7.500.000** |
| | 423990 | Други материјали | 7.800.000 | -300.000 | 7.500.000 |
| 64 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **45.200.000** | **2.835.204** | **48.035.204** |
| | 424590 | Одржување на други зелени површини | 30.000.000 | 2.835.204 | 32.835.204 |
| 65 | **425** | **Договорни услуги** | **1.400.000** | **-200.000** | **1.200.000** |
| | 425990 | Други договорни услуги | 1.400.000 | -200.000 | 1.200.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Ј7** | **Одржување и користење на паркови и зеленило** | **11.700.000** | **-500.000** | **11.200.000** |
| 68 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **5.200.000** | **-500.000** | **4.700.000** |
| | 424590 | Одржување на други зелени површини | 5.200.000 | -500.000 | 4.700.000 |
| | **Ј8** | **Други комунални услуги** | **36.248.760** | **-1.380.806** | **34.867.954** |
| 69 | **461** | **Субвенции за јавни претпријатија** | **36.248.760** | **-1.380.806** | **34.867.954** |
| | 461130 | Субвенции за јавни комунални претпријатија | 36.248.760 | -1.380.806 | 34.867.954 |
| | **ЈД** | **Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** | **1.800.000** | **1.518.512** | **3.318.512** |
| 72 | **482** | **Други градежни објекти** | **1.800.000** | **1.518.512** | **3.318.512** |
| | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 1.800.000 | 1.518.512 | 3.318.512 |
| | **ЈДМ** | **Изградба на новопроектирана улица 1** | **12.938.318** | **-9.350.654** | **3.587.664** |
| 72 | **482** | **Други градежни објекти** | **12.938.318** | **-9.350.654** | **3.587.664** |
| | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 12.938.318 | -9.350.654 | 3.587.664 |
| | **ЈДВ** | **Изградба на ул. 2 со фаза водовод и фекална мрежа** | **2.811.183** | **-1.311.183** | **1.500.000** |
| 72 | **482** | **Други градежни објекти** | **2.811.183** | **-1.311.183** | **1.500.000** |
| | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 2.811.183 | -1.311.183 | 1.500.000 |
| | **ЈДЛ** | **Изградба на ул. Лазар Поп Трајков** | **500.000** | **-500.000** | **0** |
| 72 | **482** | **Други градежни објекти** | **500.000** | **-500.000** | **0** |
| | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 500.000 | -500.000 | 0 |
| | **ЈИ** | **Изградба на системи за отпадни води** | **44.230.812** | **1.890.089** | **46.120.901** |
| | **ЈИА** | **Изградба на фаза на вакумска фекална мрежа за н.м Јурумлери** | **27.000.000** | **1.890.089** | **28.890.089** |
| 74 | **482** | **Други градежни објекти** | **27.000.000** | **1.890.089** | **28.890.089** |
| | 482320 | Изградба на пречестителни станици и колектори | 27.000.000 | 1.890.089 | 28.890.089 |
| | **К** | **Севкупно културни манифестации и творештво** | **93.029.383** | **1.800.000** | **94.829.383** |
| | **К4** | **Културни манифестации и творештво** | **5.790.000** | **1.800.000** | **7.590.000** |
| 86 | **464** | **Разни трансфери** | **3.000.000** | **1.800.000** | **4.800.000** |
| | 464990 | Други трансфери | 3.000.000 | 1.800.000 | 4.800.000 |
| | **Р** | **Заштита на животната средина и природата** | **4.950.550** | **-100.000** | **4.850.550** |
| | **Р1** | **Заштита на животната средина и природата** | **4.950.550** | **-100.000** | **4.850.550** |
| 97 | **426** | **Други тековни расходи** | **100.000** | **-100.000** | **0** |
| | 426990 | Други оперативни расходи | 100.000 | -100.000 | 0 |
| | **Љ** | **Заштита и спасување** | **1.955.000** | **-565.000** | **1.390.000** |
| | **Љ0** | **Заштита и спасување** | **1.955.000** | **-565.000** | **1.390.000** |
| 102 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **800.000** | **90.000** | **890.000** |
| | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 800.000 | 90.000 | 890.000 |
| 104 | **426** | **Други тековни расходи** | **600.000** | **-600.000** | **0** |
| | 426310 | Семинари и конференции | 200.000 | -200.000 | 0 |
| | 426990 | Други оперативни расходи | 400.000 | -400.000 | 0 |
| 105 | **463** | **Трансфери до невладини организации** | **55.000** | **-55.000** | **0** |
| | 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондови | 55.000 | -55.000 | 0 |
| | **Н** | **Образоваие** | **118.611.390** | **-13.333.604** | **105.277.786** |
| | **НА** | **Образоваие (капитални трошоци)** | **90.254.252** | **-13.333.604** | **76.920.648** |
| | **НАЦ** | **Изградба на училишна фискултурна сала во ОУ Наум Охридски** | **26.227.984** | **-10.108.665** | **16.119.319** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 109 | **482** | **Изградба на други објекти** | **26.227.984** | **-10.108.665** | **16.119.319** |
| | 482920 | Изградба на други објекти | 26.227.984 | -10.108.665 | 16.119.319 |
| | **НАТ** | **Доградба на ООУ Крум Тошев во н.м. Трубарево** | **6.224.939** | **-3.224.939** | **3.000.000** |
| 109 | **482** | **Изградба на други објекти** | **6.224.939** | **-3.224.939** | **3.000.000** |
| | 482920 | Изградба на други објекти | 6.224.939 | -3.224.939 | 3.000.000 |
| | **В** | **Социјална заштита и заштита на деца** | **115.208.811** | **-72.226** | **115.136.585** |
| | **В1** | **Детски градинки** | **16.700.000** | **-2.880.000** | **13.820.000** |
| 113 | **463** | **Трансфери до невладини организации** | **920.000** | **120.000** | **1.040.000** |
| | 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 920.000 | 120.000 | 1.040.000 |
| 115 | **427** | **Привремени вработувања** | **10.100.000** | **-3.000.000** | **7.100.000** |
| | 427110 | Привремени вработувања | 10.100.000 | -3.000.000 | 7.100.000 |
| | **ВА** | **Социјална заштита и заштита на деца** | **98.508.811** | **2.807.774** | **101.316.585** |
| | **ВАТ** | **Изградба на нова детска градинка во н.м. Трубарево** | **23.000.000** | **2.807.774** | **25.807.774** |
| 119 | **482** | **Други градежни објекти** | **23.000.000** | **2.807.774** | **25.807.774** |
| | 482920 | Изградба на други објекти | 23.000.000 | 2.807.774 | 25.807.774 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **696.138.001** | **14.493.466** | **710.631.467** |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ОСН. ОБРАЗОВ.** | **552.839.738** | **0** | **552.839.738** |
| | **Н1** | **Основно образование** | **552.839.738** | **0** | **552.839.738** |
| 110 | **404** | **Надоместоци** | **7.800.000** | **170.000** | **7.970.000** |
| | 404110 | Надомест за годишен одмор | 7.800.000 | 170.000 | 7.970.000 |
| 124 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **11.915.000** | **580.000** | **12.495.000** |
| | 423110 | Канцелариски материјали | 2.000.000 | 580.000 | 2.580.000 |
| | **464** | **Разни трансфери** | **4.585.000** | **-750.000** | **3.835.000** |
| | 464990 | Други трансфери | 2.085.000 | -750.000 | 1.335.000 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | **143.298.263** | **14.493.466** | **157.791.729** |
| | **В1** | **Детски градинки** | **143.298.263** | **14.493.466** | **157.791.729** |
| 131 | **401** | **Основни плати** | **95.975.000** | **2.180.000** | **98.155.000** |
| | 401130 | Основни плати | 89.175.000 | 2.170.000 | 91.345.000 |
| | 401320 | персонален данон на доход од надоместоци | 300.000 | 10.000 | 310.000 |
| 132 | **402** | **Придонеси за социјално осгурување** | **37.400.000** | **770.000** | **38.170.000** |
| | 402110 | Основни придонеси за ПИО | 27.800.000 | 400.000 | 28.200.000 |
| | 402210 | Основни придонеси за здравство | 7.500.000 | 370.000 | 7.870.000 |
| 110 | **404** | **Надоместоци** | **2.700.000** | **100.000** | **2.800.000** |
| | 404110 | Надомест за годишен одмор | 2.700.000 | 100.000 | 2.800.000 |
| 133 | **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **5.133.263** | **7.693.466** | **12.826.729** |
| | 421210 | Централно греење | 2.633.263 | 7.693.466 | 10.326.729 |
| 134 | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **300.000** | **150.000** | **450.000** |
| | 423990 | Други материјали | 300.000 | 150.000 | 450.000 |
| 135 | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **650.000** | **1.600.000** | **2.250.000** |
| | 424210 | Одржување на згради | 300.000 | 1.600.000 | 1.900.000 |
| 136 | **425** | **Договорни услуги** | **340.000** | **30.000** | **370.000** |
| | 425990 | Други договорни услуги | 100.000 | 30.000 | 130.000 |
| | **464** | **Разни трансфери** | **800.000** | **1.970.000** | **2.770.000** |
| | 464990 | Други трансфери | 300.000 | 1.970.000 | 2.270.000 |

Вкупниот износ на расходите, кои се во износ од 1.888.000.456 денари, се предлага да се зголемат за вкупен износ од 574.402 денари и истите да изнесуваат 1.888.574.858 денари.

Предложените прераспределби на расходите во ребалансот на буџетот за 2025 година, односно зголемувањата на расходите на ниво на подпрограми, ставки и подставки во делот на основениот буџет, произлегуваат од потребите за вршење промени во реализацијата на годишни програми согласно приориотетните активности на секторите и одделенијата во општината и на активностите кои ги реализира јавното претпријатие, кои треба да се реализираат до крајот на буџетската 2025 година. Истите се содржани во предложените измени во годишните програми на секторите и одделенијата на општината.

Детално по ставки и подставки промените може да се видат во погоре прикажаната табела, во која збировите на подрограмите и контата ( ставките ) дадени се во вкупен износ од сите подставки и ставки кои ги содржи предложениот ребалансиран буџет за 2025 година (збир на сите подставки односно подставки кои имаат и подставки кои немаат измени), за да може појасно да се воочат поединечните како и вкупните намалувања и зголемувања на расходите кај кои се предлага да се извршат измените.

**<u>Измени во расходите на Основниот Буџет</u>**

Измените на расходите на Основниот Буџет се состојат во одредени прераспределби и префрлањето на трошењето на определени расходи од одделни програми, од одделните ставки и подставки кои до крајот на годината нема да се реализираат во целост или само делумно ќе се реализираат на други програми, ставки и подставки каде се јавува недостиг на средства за нивна зголемена реализација или за други приоритетни расходи кои се јавија со оглед на настанатата ситуација во општината и пошироко.

Во подпрограмата **А0 – Совет на општината** на расходната страна на Основниот Буџет, се предлага зголемување во вкупен износ од 830.000 денари и се предлага истата да изнесува 12.230.000 денари.

Во подпрограмата **А1 – Изборни активности и референдум** на расходната страна на Основниот Буџет, се предлага зголемување во вкупен износ од 500.000 денари и се предлага истата да изнесува 500.000 денари.

Во подпрограмата **Д0 – Градоначалник** на расходната страна на Основниот Буџет, се предлага намалување во вкупен износ од 178.829 денари и се предлага истата да изнесува 13.184.171 денари.

Во подпрограмата **Е0 – Општинска администрација**, се предлага намалување за износ од вкупно 1.997.000 денари и се предлага да изнесува 170.721.052 денари.

Во подпрограмата **ЕА – Капитални трошоци на општината**, се предлага зголемување за износ од вкупно 100.000 денари и се предлага да изнесува 1.700.000 денари.

Во подпрограмата **Ф1 – Урбанистичко планирање**, се предлага намалување за износ од вкупно 1.200.000 денари и се предлага да изнесува 5.600.000 денари.

Во подпрограмата **ФА – Градежно земјиште**, се предлага зголемување за износ од вкупно 6.151.000 денари и се предлага да изнесува 258.153.672 денари.

Во подпрограмата **ФАЕ – Уредување на градежно земјиште (комплекс EAST GATE)**, се предлага намалување за износ од вкупно 1.104.567 денари и се предлага да изнесува 21.042.751 денари.

Во подпрограмата **Г1 – Поддршка на локалниот економски развој**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 2.100.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 2.620.000 денари.

Во подпрограмата **Ј3 – Јавно осветлување**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 5.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 43.000.000 денари.

Во подпрограмата **Ј4 – Јавна чистота**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 2.335.204 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 57.235.204 денари.

Во подпрограмата **Ј7 – Одржување и користење на паркови и зеленило**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 500.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 11.200.000 денари.

Во подпрограмата **Ј8 – Други комунални услуги**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 1.380.806 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 34.867.954 денари.

Во подпрограмата **ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 1.518.512 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 3.318.512 денари.

Во подпрограмата **ЈДМ – Изградба на новопроектирана ул. 1**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 9.350.654 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 3.587.664 денари.

Во подпрограмата **ЈДВ – Изградба на улица2 со фаза водовод и фекална мрежа во н.м. Железара**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 1.311.183 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 1.500.00 денари.

Во подпрограмата **ЈДЛ – Изградба на ул. Лазар Поп Трајков** , се предлага намалување за износ од вкупно 500.000 денари и се предлага да изнесува 0 денари.

Во подпрограмата **ЈИА – Изградба на фаза на вакумска фекална мрежа за н.м Јурумлери**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 1.890.089 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 28.890.089 денари.

Во подпрограмата **К4 – Културни манифестации и творештво**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 1.800.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 7.590.000 денари.

Во подпрограмата **Р1 – Заштита на животната средина и природата**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 100.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 4.850.550 денари.

Во подпрограмата **Љ0 – Заштита и спасување**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 565.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 1.390.000 денари.

Во подпрограмата **НАЦ – Изградба на училишна фискултурна сала во ОУ Наум Охридски**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 10.108.665 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 16.119.319 денари.

Во подпрограмата **НАТ – Доградба на ООУ Крум Тошев во н.м. Трубарево**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 3.224.939 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 3.000.000 денари.

Во подпрограмата **В1 – Социјална заштита и заштита на деца**, се предлага намалување на расходите во вкупен износ од 2.880.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 13.820.000 денари.

Во подпрограмата **ВАТ – Изградба на нова детска градинка во н.м. Трубарево**, се предлага зголемување на расходите во вкупен износ од 2.807.774 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 25.807.774 денари.

**<u>Измени во расходите од блок дотации</u>**

Во делот на расходите од **Блок дотации** наменети за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки се предлага зголемување за вкупно 14.493.466 денари. Предложеното зголемување на вкупните расходите на блок дотациите е во рамки на расходите од блок дотации, **Програмата В1 - Детски градинки**, се зголемува за 14.493.466 денари со што вкупниот износ планирани расходи од 142.754.959 денари би изнесувал 157.791.729 денари кои се наменети за финансирање на активностите на детските градинки во Општина Гази Баба.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА
ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ''СОЈУЗ НА
РОТАРИ КЛУБОВИ НА МАКЕДОНИЈА''**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за примање на донација од ''Сојуз на Ротари клубови на Македонија'', што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 13 ноември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-9436/51
од 14 ноември 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на треттата седница одржана на 13 ноември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "СОЈУЗ НА РОТАРИ КЛУБОВИ НА МАКЕДОНИЈА"**

**Член 1**

Во Одлуката за примање на донација од "Сојуз на Ротари клубови во Македонија"("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.7/25), членовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

"Член 2

Донацијата се состои од 1.500 (илјадаипетстотини) медоносни садници на дрва од видовите: Јавор, Јасен и Багрем.

Член 3

Донацијата е во вкупна вредност од 50.000,00 денари без ДДВ."

**Член 2**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9301/54**
**од 13 ноември 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА "ДИМИТАР ВЛАХОВ", ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за условите, начинот и постапката за користење на Домот на култура "Димитар Влахов", во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 13 ноември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9436/52**
**од 14 ноември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19, 122/21и 193/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на треттата седница одржана на 13 ноември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА "ДИМИТАР ВЛАХОВ", ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се уредуваат условите, начинот и постапката за користење на Домот на култура "Димитар Влахов" во населба Автокоманда, во сопственост на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: Дом на култура).

**Член 2**

Домот на култура може да биде даден на користење на домашни и странски правни и физички лица од областа на културата и општствените дејности (во натамошниот текст: корисник), под условите, начинот и постапката уредени со оваа одлука.

**Член 3**

Основни критериуми за користење на домот на култура се:

- Намената на домот на култура е за сите културно уметнички и општествени дејности, освен за хип-хоп, улично танцување (street dance), модерен балет и фолклорни друштва;
- Домот на култура од членот 1 од оваа одлука се дава на користење врз основа на јавен повик секој понеделник, вторник, среда, четврток, петок, сабота и недела од 10.00 часот заклучно со 22.00 часот, освен за време на државни и верски празници;
- Јавниот повик трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на веб страницата на Општина Гази Баба;
- Домот на култура ќе се издава на користење за **600.00 денари плус ДДВ** во времетраење од еден час.

**Член 4**

На јавниот повик може да учествуваат субјекти од културните или општествените дејности, чиешто регистрирано седиште односно живеалиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба или имаат огранок на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 5**

(1) Домот на култура се дава на користење на определено време и термин најмногу до една година, доколку поинаку не е определено со оваа одлука.

(2) Корисникот неможе да го отстапува правото на користење на друг корисник.

**Член 6**

Домот на култура се дава на користење само доколку:

- во времетраењето на користењето не е во функција на активности на Општина Гази Баба или користењето не ја попречува негова функција, тек и квалитет;
- употребата нема да влијае на безбедноста на лицата кои ќе го користат домот на култура; и
- намената заради која се издава, не доведува до негово оштетување.

**Член 7**

Градоначалникот на Општина Гази Баба има право да дава термини за користење на домот на култура без надомест, по барање од:

- Владата и министерство;
- Организатор на хуманитарен настан;
- Правни лица од областа на културата и општествените дејности и организатор на културна манифестација што се одржува во Општина Гази Баба;
- Локалниот младинскиот совет на Општина Гази Баба;
- Советот на Општина Гази Баба или Синдикат на општинската администрација на Општина Гази Баба.

## II. УСЛОВИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА

**Член 8**

Слободните термини од домот на култура по доставено барање се даваат на користење во согласност со член 3 и член 11 од оваа одлука.

**Член 9**

(1) Користењето на домот на култура се објавува со јавен повик на веб страницата на Општина Гази Баба,

(2) За датумот за објавување на јавниот повик одлучува комисијата.

(3) Јавниот повик за користење на домот на култура е отворен и трае 15 (петнаесет) дена од денот на неговото објавување на веб страната на Општина Гази Баба.

**Член 10**

(1) Правните лица кои учествуваат на јавниот повик кон барањето треба да достават:

- назив, седиште и единствен даночен број;
- тековна состојба од Централниот регистар, не постара од два месеци, како доказ за регистрирана дејност;
- потврда од надлежен суд дека врз правното лице не е отворена стечајна или постапка за ликвидација, не постара од два месеци, ако е трговско друштво за спорт;
- банка-депонент и банкарска сметка;

- нотарска изјава дека не наплатува членарина, доколку се бара користење на домот за култура без надомест;
- телефон за контакт и е-маил адреса; и
- за која намена, период и термин се поднесува барањето.

(2) Физичките лица кои учествуваат на јавниот повик кон барањето треба да достават:

- име и презиме, адреса и матичен број;
- копија од лична карта или патна исправа, како доказ за идентификација;
- банка-депонент и банкарска сметка;
- нотарска изјава дека не наплатува членарина, доколку се бара користење на домот за култура без надомест;
- телефон за контакт и е-маил адреса; и
- за која намена, период и термин се поднесува барањето.

**Член 11**

(1) Потребната документација за учество на јавниот повик се доставува во архивата на Општина Гази Баба.

(2) Барањето и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака “не отварај” и “за јавен повик за користење на домот на култура”.

(3) Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува барателот.

(4) Барањето се доставува во еден оригинален примерок, што треба да биде потпишано и заверено од одговорното лице на барателот, односно од физичкото лице.

(5) При поднесување на барањето задолжително се евидентира поднесувањето на барањето со ден, час и минута.

## III. КОМИСИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА КУЛТУРА

**Член 12**

(1) Постапката за користење на домот на култура ја спроведува комисија за објектите за култура (во натамошниот текст: комисија) во согласност со оваа одлука.

(2) Комисијата ја формира Градоначалникот на Општина Гази Баба со решение.

(3) Комисијата е составена од претседател и четири члена и нивни заменици од редот на општинската администрација во Општина Гази Баба.

(4) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 13**

(1) Комисијата ги врши следните работи и задачи:

- распишува јавен повик за користење на домот на култура;
- ги отвора и разгледува пристигнатите барања за користење на домот на култура;
- донесува одлука за користење на домот на култура;
- доставува извештај со предлог до Градоначалникот за склучување на договор за користење на домот на култура;
- го утврдува времето на користење на домот на култура; и
- врши други работи и задачи во согласност со оваа одлука.

**Член 14**

(1) Комисијата работи на седници што ги свикува и со нив раководи претседателот на комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на комисијата.

(2) За текот на седницата на комисијата и за донесените одлуки се води записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на комисијата.

**Член 15**

(1) Комисијата ги отвара и разгледува пристигнатите барања без присуство на пријавените баратели.

(2) Некомплетните и ненавремено доставените барања, комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува барателите.

## IV. ИЗБОР НА КОРИСНИК

**Член 16**

(1) По поднесените барања од страна на барателите, комисијата донесува одлука за користење на домот на култура во согласност со јавниот повик.

(2) Доколку два или повеќе баратели бараат користење на ист термин, терминот ќе се даде на барателот кој прв поднел барање.

**Член 17**

(1) Комисијата, пристигнатите барања ги разгледува во рок од пет дена по завршувањето на јавниот повик.

(2) Барателот чие барање е избрано ќе биде известен во рок од пет дена по завршување на постапката за избор на корисници.

(3) Комисијата ги известува барателите за одлуката за користење на домот на култура.

**Член 18**

(1) Против одлуката на комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмен приговор во рок од пет дена по приемот на известувањето.

(2) Приговорот се поднесува до комисијата, а по истиот одлучува Градоначалникот на Општина Гази Баба, во рок од 5 (пет) дена од приемот на писмениот приговор од став (1) на овој член.

(3) Одлуката на Градоначалникот на Општина Гази Баба е конечна.

**Член 19**

(1) По завршување на објавениот јавен повик, слободните термини за користење на домот на култура, за кои не се јавил ниту еден заинтересиран барател во тек на годината можат да се даваат на користење, и тоа:

- доколку барањето е за период подолг од една недела се изготвува договор за користење;
- доколку барањето за користење е пократок од една недела или еднократно се изготвува решение за доделување на термин за користење со заинтересираното правно лице и физичко лице; и
- термините се издаваат под условите објавени во јавниот повик, за реализација на културни и општествени случувања, за пократок период од една година.

## V. ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА

**Член 20**

Користењето на домот на култура се врши врз основа на Договор за користење.

**Член 21**

(1) По конечноста на одлуката за користење на домот за култура, Општина Гази Баба и избраните корисници склучуваат Договор за користење.

(2) Со Договорот за користење се уредуваат односите помеѓу Општина Гази Баба и корисникот, како и други прашања што се карактеристични за домот на култура, за намената и начинот на користењето на истиот.

(3) Договорот за користење во име на Општина Гази Баба го склучува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 22**

(1) Доколку во рок од пет дена по добиеното известување за избран корисник, барателот кој е избран не се јави да склучи Договор за користење, ќе се смета дека се откажал од користењето на домот на култура.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член и кога избраниот барател писмено се откажува од користењето на домот на култура, истиот ќе биде доделен на следниот кој прв поднел барање на јавниот повик за истиот термин.

**Член 23**

Договорот за користење е со важност најмногу до една година и во него се вградени одредби од Законот за облигациони односи.

**Член 24**

Договорот за користење престанува да важи ако:

- со одлука на суд или друг државен орган на корисникот му е изречена забрана за вршење на дејноста, или изречена казна затвор од најмалку шест месеци;
- по писмено барање на корисникот; и
- непочитување на обврските од договорот.

**Член 25**

Договорот за користење содржи посебни одредби дека:

- Корисникот е должен надоместокот да го плаќа по истекот на месецот и тоа најдоцна заклучно со петти во наредниот месец за претходниот месец;
- За секој ден доцнење на уплатата на надоместокот, Општина Гази Баба пресметува законска затезна камата;
- Корисникот е должен уредно да ги плаќа сите комунални давачки за деловниот простор (струја, вода, парно греење, ѓубретарина и друго) доколку така е утврдено во јавниот повик и во договорот;
- Корисникот не може да го пренесува правото на користење на друг корисник;и
- Во случај на оштетување на домот на култура по вина на корисникот или вработен кај корисникот, надоместот на штетата е на товар на корисникот.

## VI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Градоначалникот на Општина Гази Баба со решение ги определува термините за користење на домот на култура во согласност со прописите за јавниот ред и мир во населеното место.

**Член 27**

(1) Во услови на воена и вонредна состојба и елементарни непогоди Градоначалникот на Општина Гази Баба може со решение времено да ги суспендира термините за користење на домот на култура во сопственост на Општина Гази Баба, додека трае таа состојба.

(2) За времето додека траат условите и потребата од ставот (1) на овој член, корисниците се ослободени од обврската надомест на терминот за користење на домот на култура.

(3) Делот од надоместот на терминот за користење на домот на култура за којшто се ослободени корисниците се определува со решение на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 28**

(1) Домот на култура го одржува Јавното комунално претпријатие "Гази Баба 2007" - Скопје, доколку поинаку не е определено со оваа одлука.

(2) Комисијата изготвува предлог-годишна програма за одржување на објектите за култура во сопственост на Општина Гази Баба.

(3) Програмата за одржување на објектите за култура ја донесува Советот на Општина Гази Баба на предлог на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

(4) Програмата за одржување на објектите за култура е составен дел од Буџетот на Општина Гази Баба.

**VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 29**

(1) За користењето на домот на култура, Општина Гази Баба на службената веб страница објавува полугодишен календар со издадени термини и доставува писмено известување до корисниците, во согласност со оваа одлука.

(2) Доколку настанат промени во издадените термини за користење на домот на култура, Општина Гази Баба врши ажурирање на календарот за издадените термини, најдоцна пет дена од денот на настанатата промена.

**Член 30**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9301/55**
**од 13 ноември 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештај на Верификационата комисија . . . . . 2

**ОДЛУКА** за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба . . . . . 4

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . 6

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . 8

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година . . . 10

**ОДЛУКА** за примање на донација од Пивара Скопје АД . . . . . 12

**ОДЛУКА** за реинвестирање на финансиски средства во локалната заедница во насока на одржлив развој и заштита на животната средина, обезбедени од давател на услуга - "Еко - Циркон" ДОО Скопје, по основ на правно дело . . . . . 14

**ОДЛУКА** за определување на локација за собирен центар за цврст отпад . . . . . 16

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите | на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2025 година . . . . . 18

**ОДЛУКА** за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2025 - 2026 година - За изградба - проширување на дел од улица "Лазар Поп Трајков" во населба Автокоманда . . . . . 56

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE . . . . . 58

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2025 - 2026 година - За изградба на училишна фискултурна сала без гледалиште во ООУ "Наум Охридски", во населено место Црешево - Општина Гази Баба . . . . . 64

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2025 - 2026 година - За изградба на фаза на вакумска фекална мрежа со еден модул за ПСОВ во населено место Јурумлери . . . . . 70

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2025 - 2026 година - За изградба на детска градинка во населено место Трубарево . . . . . 76

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на новопроектирана улица 1 во Градска Четврт СИ 04 - Блок 3 . . . . . 82

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2025 - 2026 година - За доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево . . 88

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2025 - 2026 година - За изградба на улица "2" со фаза водовод и фекална мрежа во населба Железара, Општина Гази Баба . . . . . 94



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/25**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .100

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .106

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на секундарна фекална канализација за населено место Идризово, Општина Гази Баба . . . . . . . . .112

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на улица "2" со фаза водовод и фекална мрежа во населба Железара, Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .118

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фекална вакумска канализација во зона 1 и зона 4 во населено место Јурумлери, Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .124

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на училишна спортска сала во ООУ "Григор Прличев", населба Железара; . . . . . . . . .130

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За рехабилитација на пристапен пат до гробишта Камник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .136

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За рехабилитација на ул."22" во населено место Сингелиќ, Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . .142

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За рехабилитација на ул."Петре Филиповски - Гарката", населба Триангла, Општина Гази Баба . . .148

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на дел од улица "Жан Жорес" во населба Маџари, Општина Гази Баба . . . . . . .154

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на ул."30" - Чукур Мало, населено место Трубарево, Општина Гази Баба . . . . . .160

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на дел од улица "519", во населба Керамидница, Општина Гази Баба . . . . . . . .166

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За рехабилитација на ул."Ордан Поп Јорданов", населба Маџари 1, Општина Гази Баба . . . . . . . . .172

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на ул."Палмиро Тољати", населба Методија Андонов - Ченто, Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . .178

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на улица "Париска Комуна" во населба Маџари - Хиподром, Општина Гази Баба 184

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври" во населба Ченто . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .190

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фаза на вакумска фекална мрежа со еден модул за ПСОВ во населено место Јурумлери . . . . . .196



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.19/25**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на детска градинка во населено место Трубарево . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .202

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на новопроектирана улица 1 во Градска Четврт СИ 04 - Блок 3 . . . . . . . . . . . . . . . . . .208

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба – Скопје . . . .214

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на училишна фискултурна сала без гледалиште во ООУ "Наум Охридски", во населено место Црешево - Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .220

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 . . . . . . . . . . . .226

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE . . . . . . . . . . . . .232

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на детска градинка во населено место Маџари - Триангла, Општина Гази Баба . . . . . .238

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Центар за млади во Општина Гази Баба (старото седиште на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје) .244

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2025 година . . .249

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .257

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2025 година . . . .259

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . .261

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .265

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2025 година . . . .268

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .272

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . . . . .276

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за примање на донација од "Сојуз на Ротари клубови во Македонија" . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .341

**ОДЛУКА** за условите, начинот и постапката за користење на Домот на култура "Димитар Влахов", во сопственост на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .343



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.19/25**
**3 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци